

ИЗДАНИЕ БР.53,
МЕСЕЦ ОКТОМВРИ
И НОЕМВРИ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# НОВИТЕТИ

ЕКСПАНЗИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ВО КАВАДАРЦИ, КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА!

СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2, ИНВЕСТИЦИЈА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

КОМПЛЕТНА АТМОСФЕРСКА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ КАКО И АСФАЛТИРАЊЕ, ИНВЕСТИЦИЈА ОД 23.000.000 ДЕНАРИ.

СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО СОПОТ, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2, ИНВЕСТИЦИЈА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО МАРЕНА, ВО ЗАВРШНА ФАЗА, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2, ИНВЕСТИЦИЈА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

ИЗГРАДБА НА КЕЈ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ, ИНВЕСТИЦИЈА ОД 45.000.000 ДЕНАРИ.

ПЛАНИРАНА Е И СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО ДРЕНОВО КАКО И КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА, ИНВЕСТИЦИЈА ОД 35.000.000 ДЕНАРИ.

РЕГИОНАЛЕН СТАЦИОНАР ЗА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ ВО ЗАВРШНА ФАЗА, ЗАЕДНИЧКА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНИТЕ ОД ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН!

ЗА ОВИЕ 7 ПРОЕКТИ ИНВЕСТИЦИЈАТА ИЗНЕСУВА ВКУПНО 230.000.000 ДЕНАРИ ИЛИ 3,7 МИЛИОНИ ЕВРА. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, НЕ ЗАСТАНУВААТ ТУКА. НАСКОРО СЛЕДУВААТ УШТЕ ПОГОЛЕМИ ПРОЕКТИ!



1. КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА!

ГОДИШЕН БИЛЕТ ЗА ПАРКИНГ ВО ВРЕДНОСТ ОД 800 ДЕНАРИ ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ ОД ОКОЛНИТЕ СЕЛА И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ! Ј.П. ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!

4. КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА!

БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА СИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ДЕНОВИТЕ ВТОРНИК, ЧЕТВРТОК, САБОТА И НЕДЕЛА, ЌЕ ЗАПОЧНЕ СО РЕАЛИЗАЦИЈА ОД МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2024 ГОДИНА.

3. ПО ПОДОЛГО ВРЕМЕ РАБОТАТА НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА ПОВТОРНО Е ДОДЕЛЕНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.
СПРЕМНИ СМЕ ДА ОДГОВОРИМЕ НА СИТЕ ПОТРЕБИ И СИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРЕСТОЈНАТА ЗИМСКА СЕЗОНА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



2. Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ НАЈДОБРИ ВО СВОЈАТА РАБОТА!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА, ГО ИМА НАЈДОБРО ОПРЕМЕНОТО И НАЈПОДГОТВЕНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО ДРЖАВАТА. СО ВОЗЕН ПАРК ОД 57 ВОЗИЛА И ТОА: 3 ТОВАРНИ ЦИСТЕРНИ, ЕДНА КАНАЛ ЏЕТ ЦИСТЕРНА, 8 ПИКАП ВОЗИЛА, 9 ТОВАРНИ ВОЗИЛА, 3 САМОПОДИГАЧИ ТОВАРНИ ВОЗИЛА, 8 ЃУБРАРКИ, ЕДЕН КАМИОН СО КРАН, 5 ТРАКТОРИ, 7 ЛЕКИ КОЛИ, 6 СКИПОВИ, 4 МЕТЛАРКИ И 2 БУЛДОЖЕРИ.
ЗА ЧИСТО КАВАДАРЦИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.



# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА




1. ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. САВА КОВАЧЕВИЌ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ВОЗИЛАТА И ЌЕ ЈА ЗАШТИТИ УЛИЦАТА ОД ОДРОНИ. ВО СЛЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОПЛОЧУВА И ТРОТОАРОТ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ.

2. АСФАЛТИРАНА Е УЛИЦА ВО СЕЛО ДРЕНОВО НА ОКОЛУ 450 М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА И СЕ ПОСТАВИ НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ИВИЧЊАЦИ И СТАРИОТ АСФАЛТ Е ЗАМЕНЕТ СО НОВ. ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА 2023!
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





3. ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, ПО ШТО СЛЕДУВА И КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ГЛАВНАТА УЛИЦА И СПОРЕДНИТЕ УЛИЦИ ВО СЕЛОТО.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 20.000.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!

4. ЗАВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА ПАРТЕРНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПЕШАЧКАТА ЗОНА НА УЛИЦИТЕ „ЦАНО ПОП РИСТОВ" И „ЗЕЛЕН ПАЗАР", ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА!
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

5. МОНТИРАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, КАЈ МЕСНОСТА ГОЛЕШ ВО ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБ-РАЌАЈОТ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





6. БЕТОНИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ.„КИРО КРСТЕВ" ОД ДОГОВОРОТ ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

7. ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „ПИРИНСКА", КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





8. ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО, ВТОРА ФАЗА, КАДЕ СО КАМИОНИ НА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА ЈА-МИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИСТОТО ЌЕ СЕ ДОНЕСАТ ОКОЛУ 600М 3 ЗЕМЈА И 600М3 МИЛ, ПО ШТО СЛЕДУВА ПОСТАВУВЊЕ НОВ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ И ДРЕНАЖА.

54. ПРИПАДНИЦИТЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ БЕА НА ТЕРЕН.
СЕ ОТСТРАНУВААТ ГРАНКИ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-РЕСАВА КАКО И ВОЗАРЦИ-ФАРИШ ПО ЛОКАЛНИТЕ ВРНЕЖИ НА СНЕГ.



# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

9. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛОВИ ОД ПОСТОЕЧКОТО КОРИТО НА РЕКА ЛУДА МАРА, НА ПОТЕГ ОД МОСТОТ СЛОГА ДО МОСТОТ СТРАШО ПИНЏУР, ОДНОСНО СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ДНОТО И НА ДЕЛ ОД ЅИДОВИТЕ КАДЕ ШТО РЕКАТА ГО ПОТКОПАЛА ДНОТО. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЕВРО ГРАДБА ИНЖЕНЕРИНГ.





10. МОНТИРАНО Е НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ. „ДОМОВИЦА" ОДНОСНО СТОЛБОВИ И СВЕТИЛКИ, ОТКАКО ИСТАТА БЕШЕ ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ОЈА КАВАДАРЦИ. ПОКРАЈ НОВОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ.ДОМОВИЦА, СЕНАДГРАДУВА И ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКОТО.

11. ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА АДАПТАЦИЈА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ДРЕНОВО, ЗА ДЕЧИЊАТА ВО НАЈКРАТОК МОЖЕН РОК ДА ДОБИЈАТ СВОЕ КАТЧЕ КОЕ ЌЕ ИМ ДОНЕСЕ БЕЗБРОЈ НАСМЕВКИ И СПОМЕНИ.





12. ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „ДОМОВИЦА", СО ЦЕВКИ Ф315 ВО ДОЛЖИНА ОД 80 МЕТРИ. ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ.

13. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С.О.У ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" КОЈА ОПФАЌА
ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА АСФАЛТНА ПОВРШИНА КАКО И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА 2023.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.



# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

14. ЗАПОЧНА ЧИСТЕЊЕТО НА ДВОРНОТО МЕСТО ВО СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ПО ШТО ИСТОТО ЗАЕДНО СО ТЕНЕЌЕ МААЛО ЌЕ ПРЕРАСНАТ ВО ПАРК ОД 7000М2 СО СПОРТСКА СОДРЖИНА, ОДНОСНО ДВЕ ИГРАЛИШТА ЗА РАКОМЕТ, ЕДНО ЗА КОШАРКА, КАКО И ПАРКИНГ ПРОСТОР.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





15. СЕЛО МАРЕНА ДОБИВА СПОРТСКА САЛА!
УШТЕ ЕДНО ПРЕДИЗБОРНО ВЕТУВАЊЕ СТАНУВА РЕАЛНОСТ
ЗАПОЧНАА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО МАРЕНА, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2 КОЈА ЌЕ БИДЕ ВО СКЛОП НА ПОДРАЧНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР". ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

16. ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВИКЕНДИЦИТЕ ВО НАСЕЛБА РЕСАВСКИ ЗАЛИВ – ТИКВЕШКО ЕЗЕРО! ОФИЦИЈАЛНО ЗАПОЧНАА ПРВИТЕ ПРИКЛУЧОЦИ НА НОВАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА НА ВТОРИОТ КРАК ОД ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, ОДНОСНО
РЕСАВСКИ ЗАЛИВ – РЕСТОРАН ЛУЛЕ. КОНЕЧНО И ГРАЃАНИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА ЕЗЕРОТО СЕ ПРИКЛУЧИЈА КОН ВОДОВОДНАТА МРЕЖА
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





17. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. НА УЛ. „ЕЛПИДА КАРАМАНДИ" ПОСТОЕЧКОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ СЕ НАДГРАДУВА СО НОВО, КВАЛИТЕТНО И ПОЕКОНОМИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

18. АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА" НА ПОВРШИНА ОД 3300М2 И ДОЛЖИНА ОД 520МЕТРИ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВАДИ СТАРИОТ АСФАЛТ И СЕ ИЗГРАДИ НОВ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО ДОЛЖИНА ОД 560 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф800. ИЗВЕДУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕТ





19. СЕ АСФАЛТИРА УЧИЛИШНИОТ ДВОР НА С.О.У ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" НА ПОВРШИНА ОД 1300М 2, ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.

20. ПРОБИВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ТАСЕ БОШКОВ", КРАК ОД ПОРАНЕШНА ЦРНОРЕЧКА, КАДЕ ПРЕТХОДНО СЕ ПОСТАВИ ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА – ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА, ПО ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





21. ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО НАСЕЛБА ИНДУСТРИСКА, И ТОА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА Ф110 ВО ДОЛЖИНА ОД 550М, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО Ф400 И ДОЛЖИНА ВО 550 МЕТРИ. СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА! ИНВЕСТИЦИЈА ОД 8.000.000 ДЕНАРИ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ВОД - ВАР ОД СКОПЈЕ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

22. СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ ВО СЕЛО МАРЕНА, НА ПОСТАВУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВИ СТОЛБОВИ И ПРОМЕНА НА СТАРИТЕ СО НОВИ СВЕТИЛКИ.






23. РЕДОВНО СЕ САНИРААТ СИТЕ ПРОКОПИ ВО УРБАНИТЕ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ
ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ СЕ РАБОТИ НА САНИРАЊЕ ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА УЛ. 25 МАЈ И ВО СЕЛО РЕСАВА.

24. СЕ ЗАПОЧНА СО УРЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНАТА УЛИЦА ДО РЕГИОНАЛНИОТ СТАЦИОНАР, ОДНОСНО ИСКОП – ТАМПОНИРАЊЕ, ПО ШТО СЛЕДУВА МОНТАЖА НА УЛИЧНИ РАБНИЦИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ. СТАЦИОНАРОТ СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДЕ КОМПЛЕТНО ЗАВРШЕН ЗА КРАТОК ПЕРИОД И ИСТИОТ ИМА ПРИМАРНА ЦЕЛ ГРИЖА И ХУМАН ТРЕТМАН НА БЕЗДОМНИТЕ МИЛЕНИЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.






25. ЈП ПАРКИНГ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЛАСТИФИКАТОР НА ПОВЕЌЕ РАСКРСНИЦИ И ПЕШАЧКИ ПРЕМИНИ ВО ГРАДОТ КАКО ПОТРАЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

26. ПРОБИВАЊЕ НА УЛ.МИШО ШКАРТОВ, ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОВРЗИ СО ЗАПАДЕН БУЛЕВАР (КОЊСКИ ДУПКИ) ВТОРА ФАЗА И СО ТОА ЌЕ СЕ ОВОЗМОЖИ ПРИСТАП НА ПОВЕЌЕ ОД 20 ПАРЦЕЛИ ЗА ДОМУВАЊЕ. ВО СЛЕДНА ФАЗА СЛЕДУВА ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.





27. ЈП КОМУНАЛЕЦ ИНТЕНЗИВНО РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО НАСЕЛБА СТРАШО ПИНЏУР, И ТОА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА Ф110 ВО ДОЛЖИНА ОД 550М, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО Ф400 И ДОЛЖИНА ВО 550 МЕТРИ. СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА!

28. ПО СОГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА НА ПОТЕГОТ ОД ВТОРИОТ ТРИАГОЛНИК ДО ДАРДАНЕЛИ, ВО ДОЛЖИНА ОД 60 МЕТРИ ОД СТРАНА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈП КОМУНАЛЕЦ, СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ПРИСТАПИЈА КОН НЕГОВО РЕШАВАЊЕ, ОДНОСНО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф 400.





ОД ДОГОВОР ЗА ГРАНТ ОД КФВ ЗА ИЗВЕДБА НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ КОЈ УСПЕШНО СЕ РЕАЛИЗИРА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ, А ВО СОРАБОТКА СО ФИРМАТА ЖИКОЛ, СО ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ОД ГРАНТОТ СЕ НАБАВИ ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА.ВОЗНИОТ ПАРК НА ЈПКОМУНАЛЕЦ СЕ ЗБОГАТИ СО РОВОКОПАЧ HIDROMEK 102B, МИНИБАГЕР YANMAR- РОТИРАЧКИ И МУЛЧЕР AGRINA ЗА ВИСОКО И НИСКО ЗЕЛЕНИЛО, МЕХАНИЗАЦИЈА СО КОЈА И ПОНАТАМУ ЌЕ ЈА ОПСЛУЖУВА ОПШТИНАТА И ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

30. ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КОН С.СТРАГОВО СЕ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





31. СЕ ПРОДОЛЖУВА СО РУШЕЊЕ НА ДИВО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО "ТЕНЕЌЕ МААЛО". НА ОВА МЕСТО СПОРЕД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО КЕЈОТ НА РЕКАТА И ПОДИГАЊЕ НА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА - ПАРК.

32. ПОСЛЕ 40 ГОДИШНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА УЛ.ДЕШКА ТОШЕВА ЗА ЗЕМЈИШТЕ НА РМ, ПОМЕЃУ ТРОЈЦА СОСЕДИ, ОПШТИНАТА ПРИСТАПИ КОН ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ТОА ЗЕМЈИШТЕ СО ТОА ШТО ПОМЕЃУ СОСЕДИТЕ НАПРАВИ ОГРАДНИ ЅИДЧИЊА ЗА ДА СЕ ИЗБЕГНАТ ПОНАТАМОШНИ НЕСОГЛАСУВАЊЕ ПОМЕЃУ ИСТИТЕ, ОДНОСНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА, ПРЕТСТАВКИ ДО ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И СУДСКИТЕ СПОРОВИ И СО ТОА КОНЕЧНО ЌЕ СЕ РЕШАТ НИВНИТЕ МЕЃУСОСЕДСКИ ОДНОСИ.





33. ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА С.СОПОТ, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЦРКВАТА СВ.АТАНАСИЈ, КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА ГО ДОНИРАШЕ ПОТРЕБНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА МОНТИРАЊЕ НА НАСТРЕШНИЦАТА ПРЕД ВЛЕЗОТ НА ЦРКВАТА.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

34. ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ. „27 МАРТ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, И ТОА ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА ОД АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА. ВТОРА ФАЗА ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА И ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ РЕШЕТКИ, СО ШТО ПРОБЛЕМОТ СО ВОДИТЕ НА ОВИЕ ГРАЃАНИ ЌЕ БИДЕ РЕШЕН.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





35. СЕ РАБОТИ НА ЧИСТЕЊЕ НА БРАНАТА ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ, МАТЕРИЈАЛОТ ЌЕ БИДЕ ИСКОРИСТЕН ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЦ ЈАСМИН КАДЕ ШТО ВО ВТОРА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСЕЕ НОВА ТРЕВНА ПОВРШИНА, КАКО И НИВЕЛИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ РЕАЛИЗИРА КАКО ДОНАЦИЈА ОД ФИРМИТЕ ГРАДБА ПРОМЕТ, ЈА МИ,
АС МАШИНИ, АНЕЛ МАГ И ТОМИ ШПЕД.

36. ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА, ОДНОСНО СПОМЕНИКОТ НА САШКО ГЕШОВСКИ СЕ ПОМЕСТУВА НА НОВА ЛОКАЦИЈА ПРЕД ГРОБОВИТЕ НА ВЕЛИКАНИТЕ. ЦЕЛИОТ ДЕЛ ЌЕ БИДЕ ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДЕН, ОПЛЕМЕН И СО НОВА УРБАНА ОПРЕМА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е
ФИРМАТА АС МАШИНИ.





37. ОД СТРАНА НА СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЈП ПАРКИНЗИ СЕ РАБОТИ НА ДООСВЕТЛУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ", ОДНОСНО ПАТЕКИТЕ ОД СОЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ДО СОУ ЌИРО СПАНЏОВ БРКО КАВАДАРЦИ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

38. ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ ПРВА ФАЗА НА УЛ. „ЛАЗО АСИЈАТА" НА ПОВРШИНА ОД 950М2, ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





39. ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ ТРОТОАР НА УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ НА ПОТЕГОТ ОД ГИМНАЗИЈАТА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" ДО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ОТСТРАНУВАЊЕ НА БЕХАТОН КОЦКИ КОИ ВО ИДНИНА ЌЕ СЕ УПОТРЕБАТ ЗА ДРУГИ ЛОКАЦИИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ, ПО ШТО СЛЕДИ ОБНОВУВАЊЕ НА СТАРИОТ ДРВОРЕД И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ТРОТАР СО НОВИ БЕХАТОН КОЦКИ. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

40. МУЛЧИРАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ПАТИШТА СО НОВА ПРИКЛУЧНА МЕХАНИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





41. КОНТИНУИРАНО СЕ РАБОТИ НА „ЦВЕЌАРАТА" КОЈА ЈА КОРИСТИ ЈП КОМУНАЛЕЦ, И ИСТАТА ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТА ЗА СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЦВЕЌЕ И ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ И ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

42. ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД СЕЛО РАЕЦ, ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СО СКИП ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВАНКА, РАБОТИ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЦРКВАТА ВО СЕЛОТО.






43. СЕЛО ДАБНИШТЕ СЕ НАОЃА ВО ВНАТРЕШНОСТА НА ТИКВЕШИЈАТА И Е ПРВО КОЕ ДОБИ ИМИЊА НА УЛИЦИТЕ, СОГЛАСНО ИСТАКНАТИТЕ ЖИТЕЛИ КОИ ШТО ДАЛЕ СВОЈ ПРИДОНЕС ЗА РАЗВОЈОТ НА САМОТО СЕЛО. ДЕНЕС СЕ ПОСТАВИ ПАТНА И ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА КАКО И ИНФОРМАТИВНА ТАБЛА ПРЕД ВЛЕЗОТ, СО ШТО СЕЛО ДАБНИШТЕ Е МОЖЕБИ ПРВОТО ВО МАКЕДОНИЈА КОЕ НЕ Е ПРИГРАДСКО, А СЕ СТЕКНА СО ВАКОВ ТИП НА ИНТЕРНА, ПАТНА И ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА. ИНАКУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА НАМЕРА СИТЕ 36 СЕЛА КОИ ШТО СЕ ПРОТЕГААТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КАВАДАРЦИ ДА ДОБИЈАТ ИСТ ТРЕТМАН, СО ЦЕЛ РАЗВОЈ НА АЛТЕРНАТИВНИОТ И РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ.

44. ВЕТЕНО, СТОРЕНО!

ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА Е УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА. ОВА Е ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ. ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ КОЈ СЕ ПРОТЕГА СЕ ДО С.ВАТАША. СЕ ГРАДИ МИНОР КОРИТОТО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1 МИЛИОН ЕВРА.





45. ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. ВИТАЧЕВО, СО ЦЕЛ ОФОРМУВАЊЕ НА ТРОТОАР ЗА БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ. ДЕНЕС СЕ ПОСТАВИ ТАМПОН ЗА ПОДЛОГА ПО ШТО СЛЕДИ ПОДЛОГА ОД МРШАВ БЕТОН, АРМИРАЊЕ И БЕТОНИРАЊЕ НА ТЕМЕЛ ЗА ИСТИОТ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

46. ЗАВРШИ ПАРТЕРНОТО УРЕДУВАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРОТ НА УЛ. „ДЕШКА ТОШЕВА" КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





47. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВОДА ЗА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ, ВО ДОЛЖИНА ОД 350 МЕТРИ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. ИСТИОТ СЕ НАОЃА ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ НА ПОВРШИНА ОД 5470 М2 И Е НАМЕНЕТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО ВО ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН, КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА ХУМАН ТРЕТМАН НА ЖИВОТНИТЕ СО ДИРЕКТНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА НА ЛУЃЕТО.

48. ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛО МАЈДЕН, НА ПОВРШИНА ОД 300М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





49. ЗАПОЧНА БЕТОНИРАЊЕТО НА ПОТПОРНИОТ ЅИД НА УЛ. ВИТАЧЕВО, СО ЦЕЛ ОФОРМУВАЊЕ НА ТРОТОАР ЗА БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

# КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

50. ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КАПТАЖИТЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.
ЗАПОЧНАТА Е ПРВА ФАЗА, СО КОЈА Е ОПФАТЕН ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 1600М2, ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ.
ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ИЗНОС ОД 4.000.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ОСТАНАТИТЕ 3.400.000 ДЕНАРИ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНАТА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР, СИТЕ КУЌИ ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ЌЕ БИДАТ ПРИКЛУЧЕНИ ВО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА И НЕМА ДА ИМААТ НИКАКОВ ПРОБЛЕМ ВО ОДНОС НА ИСТАТА ВО ИДНИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ.





51. ТАМПОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПНАТА УЛИЦА ДО РЕГИОНАЛНИОТ СТАЦИОНАР, ПО ШТО СЛЕДУВА МОНТАЖА НА УЛИЧНИ РАБНИЦИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ. ИСТИОТ СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДЕ КОМПЛЕТНО ЗАВРШЕН ЗА КРАТОК ПЕРИОД И ИСТИОТ ИМА ПРИМАРНА ЦЕЛ ГРИЖА И ХУМАН ТРЕТМАН НА БЕЗДОМНИТЕ МИЛЕНИЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

52. ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „СМИЛИЦА" ВО ДОЛЖИНА ОД 400М2, ПО ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





53. ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА МЗ БОЈАНЧИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОТПОЧНА СО ПРОЧИСТУВАЊЕ НА КАНАВКИТЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ ОД СТАНИЦАТА ДО САМОТО СЕЛО. РАБОТАТА СЕ ИЗВШУВА СО БАГЕР ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА ФИРМА ЈА-МИ.

# ОБРАЗОВАНИЕ

2. ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ“ КОЈ ГО СПРОВЕДУВА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРТНЕРСТВО СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ОПШТИНИТЕ КАВАДАРЦИ, КУМАНОВО, ГОСТИВАР, СТРУГА И СТРУМИЦА, СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ШВЕДСКА, ПРЕДВИДЕНО Е ДА СЕ НАПРАВИ МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО ВКУПНО 10 ЈАВНИ ОБЈЕКТИ (УЧИЛИШТА И ГРАДИНКИ) КОИ СЕ ЛОЦИРАНИ ВО ПЕТТЕ ГРАДОВИ: СТРУМИЦА, КАВАДАРЦИ, ГОСТИВАР, КУМАНОВО И СТРУГА.

МЕРЕЊЕТО И АНАЛИЗИТЕ ЌЕ ГИ НАПРАВИ ЛАБОРАТОРИЈАТА АМБИКОН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО ШТИП (УГД) ПОД ВОДСТВО НА РЕКТОРОТ НА УГД - ПРОФ. ДЕЈАН МИРАКОВСКИ, КОЈА Е АКРЕДИТИРАНА ЗА ВАКОВ ВИД НА МЕРЕЊА. МЕРЕЊАТА ЌЕ СЕ НАПРАВАТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕПОРАКИТЕ НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА (СЗО) И ЛОКАЛНИТЕ СПЕЦИФИКИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ, КОИ ЌЕ ВКЛУЧАТ АНАЛИЗА НА:

- МАСЕНА И БРОЈНА КОНЦЕНТРАЦИЈА КАКО И ХЕМИСКИОТ СОСТАВ НА СУСПЕНДИРАНИТЕ ЧЕСТИЧКИ,
- КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА БИОАЕРОСОЛИ (ВКУПЕН БРОЈ),
- КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ГАСОВИТИ ЗАГАДУВАЧИ ВКЛУЧИТЕЛНО СО2, СО, ОРГАНСКИ ИСПАРЛИВИ КОМПОНЕНТИ И ФОРМАЛДЕХИД (ТРЕНДОВИ И ПРОСЕЧНИ КОНЦЕНТРАЦИИ),
- АНАЛИЗА НА ПАРАМЕТРИТЕ НА ПРОВЕТРУВАЊЕ И ТЕРМАЛЕН КОМФОР ВО ПРОСТОРИИТЕ.

ЗА ДА СЕ УТВРДАТ СЕЗОНСКИТЕ ФЛУКТУАЦИИ НА КОНЦЕНТРАЦИИТЕ НА ОДРЕДЕНИ ЗАГАДУВАЧИ ПРИМЕРОЦИТЕ ЌЕ СЕ ЗЕМААТ ВО ДВЕ ФАЗИ - ЗА ВРЕМЕ НА СТУДЕНИТЕ МЕСЕЦИ (НОЕМВРИ ДО МАРТ) И ЗА ВРЕМЕ НА ТОПЛИТЕ МЕСЕЦИ (МАЈ ДО СЕПТЕМВРИ). ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ ВО СЕКОЈА ИНСТИТУЦИЈА ЌЕ ОПФАЌААТ ПЕРИОД ОД НАЈМАЛКУ ЕДНА НЕДЕЛА И ЌЕ ВКЛУЧУВААТ МЕРЕЊА НАПРАВЕНИ ПРЕД, ЗА ВРЕМЕ И ПО ЧАСОВИТЕ. ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО ЗАТВОРЕНИТЕ ПРОСТОРИИ (СОГОРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕСИ ВНАТРЕ ВО ОБЈЕКТОТ, ВИДОВИ НА МЕБЕЛ, ОПРЕМА И СЛИЧНО) ИСТО ТАКА ЌЕ БИДАТ ДОКУМЕНТИРАНИ. ДОПОЛНИТЕЛНО, ЌЕ БИДЕ АНАЛИЗИРАНА И НАДВОРЕШНАТА СРЕДИНА, ВКЛУЧИТЕЛНО И БЛИЗИНАТА ДО СООБРАЌАЈНИЦИ, ИНДУСТРИСКИ ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ И СЛИЧНО.

СИТЕ АКТИВНОСТИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДАТ ВО БЛИСКА КООРДИНАЦИЈА СО ПЕРСОНАЛОТ И ДИРЕКТОРИТЕ НА УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ, ОПШТИНИТЕ И НАДЛЕЖНИТЕ МИНИСТЕРСТВА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, КОЕ Е НАДЛЕЖНО ЗА РАБОТАТА НА ГРАДИНКИТЕ.



ПАРАЛЕЛНО НА ОВА СЕ ВРШИ МЕРЕЊЕ И АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ЗА ПЕРИОД ОД 12 МЕСЕЦИ.

ПО ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ, ЌЕ СЕ КРЕИРА СЕТ НА ПРЕПОРАКИ И МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ И ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАЈМЛАДИТЕ.ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМСКАТА РАМКА НА УНДП, ФИНАНСИРАНА ОД ШВЕДСКА. ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ИСТО ТАКА СЕ СПРОВЕДУВА И ПРОЕКТОТ „ГРАДЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ“.

# ОБРАЗОВАНИЕ

1. ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕА ДЕЦАТА ОД ЈОУДГ "РАДА ПОЦЕВА" ПО ПОВОД ДЕТСКА НЕДЕЛА И НЕ ЗАПОЗНАА СО ДЕТСКИТЕ ПРАВА!





3. НАШИТЕ НАЈМАЛИ, СЕ НАШИТЕ НАЈМИЛИ! ДЕЧИЊАТА ОД ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" ЈА ОДБЕЛЕЖАА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА. СО СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ НА ИГРАЛИШТЕТО ВО СЕЛО ВАТАША, ЗАВРШИЈА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПОВОД НЕДЕЛАТА НА ДЕТЕТО.

4. ВО О.О.У "Д.А.ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ПРИГОДНА ПРОГРАМА ПО ПОВОД ПРИЕМОТ НА ПРВАЧИЊАТА ВО ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА. ПРИРЕДБАТА ПРЕДИЗВИКА ГОЛЕМ ИНТЕРЕС И РАДОСТ КАКО КАЈ ПРВАЧИЊАТА ТАКА И КАЈ СИТЕ ПРИСУТНИ НАСТАВНИЦИ, РОДИТЕЛИ. ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО ЃОРЃИ ЃОРЧЕВ ИМ ПОСАКА ТОПЛО ДОБРЕДОЈДЕ И ИМ ГО ЧЕСТИТА





5. СЕКОЕ ЗАПИШАНО ПРВАЧЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЗА УЧЕБНАТА 2023 - 2024 ГОДИНА, ДЕНЕС ДОБИ ПО 2500 ДЕНАРИ ЗА СРЕЌНА И УСПЕШНА УЧЕБНА ГОДИНА. СО ОВАА ОДЛУКА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОЈА ЗА ПРВ ПАТ Е ДОНЕСЕНА КАЈ НАС, ЕДЕН ОД РОДИТЕЛИТЕ НА ВКУПНО 343 ПРВАЧИЊА ОД НАШАТА ОПШТИНА, ЌЕ ДОБИЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ВО ИЗНОС ОД 2500

6. ДОНАЦИЈАТА Е ОД ПРОФ.Д-Р АНГЕЛ РИСТОВ, ПРОФЕСОР НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"
ПОЧИТУВАНИ,
МИ ПРЕТСТАВУВА ПОСЕБНО ЗАДОВОЛСТВО ШТО ДЕНЕС НАШАТА ГИМНАЗИЈА ЈА ПОСЕТИЈА: ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПРАВНО – ЕКОНОМСКИ ИСТРАЖУВАЊА LURDICA PRIMA ПРОФ. Д-Р АНГЕЛ РИСТОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОПШТИНСКИОТ СУД ВО КАВАДАРЦИ Г-ДИНОТ ЛАЗАР НАНЕВ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Г-ДИНОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.

ЦЕЛТА НА ПОСЕТАТА НА ПРОФЕСОРОТ РИСТОВ БЕШЕ ОД БЛАГОРОДЕН КАРАКТЕР, НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ДА И ПОДАРИ ОДРЕДЕН БРОЈ НА КНИГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, ПОСЕБНО ОД ПРАВНИОТ СМЕР. ОД ОВАА ГИМНАЗИЈА ИМААТ ИЗЛЕЗЕНО ГОЛЕМ БРОЈ НА УСПЕШНИ ПРАВНИЦИ, АДВОКАТИ И СУДИИ КОИ РАБОТАТ ВО ГОЛЕМ БРОЈ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ, МЕЃУ КОИ Е И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОПШТИНСКИОТ СУД Г-ДИНОТ ЛАЗАР НАНЕВ.





7. ЧЕТИРИ УЧИЛНИЦИ ВО ООУ „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ" КАВАДАРЦИ СЕ ЦЕЛОСНО РЕНОВИРАНИ И ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРЕНИ УСЛОВИТЕ ЗА НАСТАВА.

8. ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА УЧЕНИЦИТЕ ОД 4 ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" СЕЛО ВАТАША, О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ, А ПОВОД БЕШЕ ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА- ВРАБОТЕНИТЕ, НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА. УЧЕНИЦИТЕ БЕА ПРИМЕНИ ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕА ЗАПОЗНАТИ СО НЕГОВИТЕ И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА СОВЕТОТ И ИМ БЕШЕ ОДГОВОРЕНО НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА, КОИ ГИ ИМАШЕ ВО ГОЛЕМ БРОЈ, КАКО ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО КОЕ ВЕЌЕ ГО ПОСЕДУВААТ.
ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ПОСЕТАТА ДРАГИ УЧЕНИЦИ!



9. ИЗБРАНИ И НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ БИЗНИС ПЛАНОВИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПО ЈАВЕН ПОВИК ОД КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ -ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НАЈГОЛЕМОТО БОГАТСТВО И НАЈГОЛЕМИОТ РЕСУРС НА СЕКОЕ ОПШТЕСТВО СЕ МЛАДИТЕ
СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОКАЖАА ДЕКА ИМААТ СИЛНО ИЗРАЗЕНА ЖЕЛБА ЗА ЕКОНОМСКА НЕЗАВИСНОСТ, ОТВОРЕНОСТ КОН ВИСОКИ ПОСТИГНУВАЊА, А ТОА ГИ ПРАВИ ПРЕТПРИЕМАЧКИ ОРИЕНТИРАНИ ЧЕСТИТКИ ЗА ДОБИТНИЦИТЕ ИДЕИТЕ СЕ НАЈГОЛЕМИОТ КАПИТАЛ НА ЧОВЕКОТ, А СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ ИМААТ.



10. ВО ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ"СЕЛО ВАТАША, О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ И ДЕЧИЊАТА ВО ОБЈЕКТОТ ДЕТЕЛИНКА ПРИ ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА"БЕШЕ КАРАВАНОТ НА СУПЕР ЕКО ХЕРОИ ОД НУЛА ОТПАД ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ПРАВИЛНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОПАСНИОТ ОТПАД КАЈ ДЕЦАТА ОД НАЈРАНА ВОЗРАСТ Е НЕРАЗДЕЛНО ПОВРЗАНА СО ГРАДЕЊЕ НА ПОЗИТИВНИ КАРАКТЕРНИ ЦРТИ КАКО ЉУБЕЗНОСТ,ОДГОВОРНОСТ, ЕМПАТИЈА, ПОСВЕТЕНОСТ И НЕРАМНОДУШНОСТ. ПОСТАВЕНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИТЕН ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД И ОТПАДНИ БАТЕРИИ ВО ОПШТИНАТА, ВО УЧИЛИШТЕТО ПОСТАВЕН САД ЗА ОТПАДНИ БАТЕРИИ И МАЛИ КАНТИЧКИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНИ БАТЕРИИ ЗА ДОМА ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ ОД 1-5 ОДДЕЛЕНИЕ. СЛИКОВНИЦА И ТЕТРАТКА СО СУПЕРХЕРОЈОТ НУЛА ВО СЕКОЈ ДОМА КАКО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЧЕТИВО ЗА ДА ПОСТАПИМЕ РАВИЛНО.ДА НЕ БИДЕМЕ РАМНОДУШНИ КОН РАБОТИТЕ КОИ ЖИВОТ ЗНАЧАТ: ЧИСТА ВОДА, ЧИСТА ПОЧВА И ЧИСТ ВОЗДУХ ЗА НАС И НАРЕДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.



11. ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА УЧЕНИЦИТЕ ОД 4 ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" КАВАДАРЦИ, А ПОВОД БЕШЕ ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА. УЧЕНИЦИТЕ БЕА ПРИМЕНИ ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕА ЗАПОЗНАТИ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ, И ИМ БЕШЕ ОДГОВОРЕНО НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА КОИ ГИ ПОСЕДУВААТ.
ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ПОСЕТАТА ДРАГИ УЧЕНИЦИ И ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ПОВТОРНО!



# КУЛТУРА

1. КАВАДАРЦИ ГО ОБОИВМЕ СО ЗВУЦИТЕ НА НАЈУБАВИТЕ ПАТРИОТСКИ ПЕСНИ И ИСПРАТИВМЕ ПОРАКА ДО СИТЕ ДЕКА ТРЕБА ДА ГО ЧУВАМЕ ОНА ШТО ГО ИМАМЕ, НАЈВРЕДНОТО, МАКЕДОНИЈА И МУЗИЧКИОТ АМАНЕТ ШТО НИ ГО ОСТАВИЛЕ ГЕНЕРАЦИИТЕ ПРЕД НАС. МАКЕДОНИЈА Е БЕСМРТНА, ЖИВА ВОДА ПОДЗЕМНА, КАЈ ШТО ТОНЕ, ТАА ИЗВИРА.





2. ОТВОРЕН 19 - ТИОТ САЕМ НА КНИГАТА ВО БИБЛИОТЕКАТА „ФЕТКИН“.КАВАДАРЕЧКАТА БИБЛИОТЕКА ГО ПРОМОВИРАШЕ И НОВИОТ АДАПТИРАН ПРОСТОР НАРЕЧЕН ТИВКА ЧИТАЛНА.

3. СКУЛПТУРНАТА ИНСТАЛАЦИЈА ГРОЗД ЧИЈ АВТОР Е МАЈА ТАНЕВА ОД СКОПЈЕ, Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ УРБАНИ ТОПОНИМИ- СКУЛПТУРАЛНИ ИНСТАЛАЦИИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ, ПОДДРЖАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ПОСВЕТЕН НА ГРОЗЈЕТО И ЛОЗАРИТЕ ОД ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН БЕЗ ЧИЈА МАКА И ПОСВЕТЕНОСТ НЕ БИ МОЖЕЛЕ ДА ГИ ВКУСИМЕ ПРЕКРАСНИТЕ ВКУСОВИ НА НАЈДОБРИТЕ МАКЕДОНСКИ ВИНА, НИТУ ДА ГИ ЗАСИЛИМЕ И
ЗАМИСЛИМЕ РАДОСТА, ЉУБОВТА, ТАГАТА ИЛИ БОЛКАТА КОИ НАЈЧЕСТО СЕ ЗАЛИЕНИ СО ТИКВЕШКИТЕ ВИНО И РАКИЈА. НА СИТЕ ОНИЕ КОИ ГРИЖЛИВО ГИ ЧУВААТ ТРАДИЦИИТЕ И ЗНАЕЊАТА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ ВИНОВА ЛОЗА КОИ ГИ НАСЛЕДИЛЕ ОД ПРЕДЦИТЕ, ГИ ЗБОГАТУВААТ И НЕГУВААТ ПРЕНЕСУВАЈЌИ ГИ АМАНЕТИТЕ И ТАЈНИТЕ НА ЛОЗАРСТВОТО, НА НАРЕДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.



4. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА ЈАВЕН КОНКУРС ГО ИЗБРА ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ТРИ ФОНТАНИ ВО СПОМЕН НА САШКО ГЕШОВСКИ, ПРВАТА ЖРТВА ШТО МАКЕДОНИЈА ЈА ДАДЕ ПРИ РАСПАДОТ НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА.ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ СЕ СОСТОИ ОД ЦЕНТРАЛНА КРУЖНА ФОНТАНА СО ВИСОК МЛАЗ ВОДА И ДВЕ ПОЛУКРУЖНИ ФОНТАНИ КОИ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ОД ТЕМЕН МАТЕРИЈАЛ КОЈ ЈА ОБИКОЛУВААТ ЦЕНТРАЛНАТА ФОНТАНА, МАТЕРИЈАЛИТЕ СЕ МОДЕРНИ, ЛЕСНИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ДОЛГОТРАЈНИ.

КАВАДАРЦИ СО ОВА ПОТВРДУВА ДЕКА НЕ ГИ ЗАБОРАВА И ГИ ПОЧИТУВА ЛУЃЕТО ШТО ПОТЕКНУВААТ ОД ОВОЈ ГРАД, А СЕ ЗНАЧАЈНИ НЕ САМО ЗА





5. СПОМЕН БИСТАТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР КОЈА ДОЛГИ ГОДИНИ БЕШЕ ВО ДВОРОТ НА ПОРАНЕШНИОТ ДИК„СТРАШО ПИНЏУР“ ВО КАВАДАРЦИ, СЕГА Е ДИСЛОЦИРАНА ВО СЕЛО ВАТАША.

# СПОРТ

1. ИЗАБЕЛА ЗАЈКОВ ОСВОИ СРЕБРО НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО БРАЗИЛСКО ЏИУ ЏИЦУ, КОЕ СЕ ОДРЖА ВО ТУРЦИЈА. НАЈМЛАДИОТ БОРЕЦ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА БОРЕЧКИ ВЕШТИНИ „БУДО" ОД КАВАДАРЦИ ИЗАБЕЛА ЗАЈКОВ НАСТАПИ НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО БРАЗИЛСКО ЏИУ ЏИЦУ КОЕ ВИКЕНДОВ СЕ ОДРЖА ВО ИСТАНБУЛ ТУРЦИЈА. ТАА ВО ПОЛУФИНАЛЕТО ВО ДИСЦИПЛИНАТА ЏИ ВО КАТЕГОРИЈА ДО 57 КГ ЈА СОВЛАДА ТУРСКАТА ПРЕТСТАВНИЧКА САФИЈЕ МЕХМЕТПАША.






2. СЕ ОДРЖА 12-ТИОТ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ "САШКО НЕШКОВСКИ"

3. НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ВАТАША, СЕ ОДРЖА СПОРТСКИ НАСТАН ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „РАСТЕМЕ ВО ШАМПИОНИ" ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОТВОРЕНИТЕ ЗАБАВНИ ФУДБАЛСКИ ШКОЛИ ПОДДРЖАН ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И НЛБ БАНКА- АД СКОПЈЕ, А ПРИСУСТВУВАА ФУДБАЛЕРИТЕ ОД ГФК ТИКВЕШ 1930 КАКО И РАКОМЕТАРИТЕ ОД ГРК ТИКВЕШ 2024 КАВАДАРЦИ.
ВО НАСТАНОТ БЕА ВКЛУЧЕНИ 100-ТИНА ДЕЦА ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И 5 ТРЕНЕРИ СО ЧИЈА ПОМОШ ГИ РЕАЛИЗИРАА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ И ОБУКИ. ЦЕЛТА НА ОВОЈ НАСТАН БЕШЕ ЕДНАКВО УЧЕСТВО НА МОМЧИЊА И ДЕВОЈЧИЊА ВО ФУДБАЛОТ, ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЕКСПОЗИТУРИТЕ НА НЛБ БАНКА, ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА ЗА АКТИВНО ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ И ПРАКТИКУВАЊЕ НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ, ДРУЖЕЊЕ И СПОРТУВАЊЕ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ БЕЗ РАЗЛИКА НА ПОЛОВА И ЕТНИЧНА ПРИПАДНОСТ, РАМНОПОРАВНИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ, МОМЧИЊА И ДЕВОЈЧИЊА, РАЗВИВАЊЕ НА ПОЧИТ КОН СИТЕ УЧЕСНИЦИ БЕЗ РАЗЛИКА НА НИВНАТА УЛОГА, РАЗВИВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО ЕМОЦИОНАЛНО ИЗРАЗУВАЊЕ НИЗ ИГРА И ЗАБАВА, ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ТИМСКА РАБОТА И ФЕР ПЛЕЈ ОДНЕСУВАЊЕ ПРИ СПОРТУВАЊЕ, ПРИМЕНА НА ЗДРАВСТВЕНО ХИГИЕНСКИТЕ НАВИКИ ВО ФУНКИЦИЈА НА СОПСТВЕНАТА ХИГИЕНА И ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДИНАТА, УЧИЛИШТЕТО И НА РАЗНИ СПОРТСКИ И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ, НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО И СРЕДИНАТА НА ЖИВЕЕЊЕ, ЕДУЦИРАЊЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ НАСТАНИ ОД ГРАСРУТС КАРАКТЕР НА ТРЕНЕРИТЕ, РОДИТЕЛИТЕ И СПОРТСКИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА УЛОГАТА НА СПОРТОТ ВО РАЗВОЈОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ, КАКО И АНГАЖИРАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ЛЕГЕНДИ КАКО АМБАСАДОРИ ВО ОПШТИНИТЕ ВО КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ОВИЕ НАСТАНИ.

ОЧЕКУВАНИТЕ ЕФЕКТИ СЕ:
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДЕЦА КОИ ЌЕ СПОРТУВААТ ВО КЛУБОВИТЕ
ЗГОЛЕМЕНА СВЕСТ КАЈ ДЕЦАТА И РОДИТЕЛИТЕ ЗА СПОРТСКА АКТИВНОСТ
ЗДРАВ ЖИВОТ НА ЖИВЕЕЊЕ, ИСХРАНА И ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОКОЛИНАТА
ПРИСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ
ЗГОЛЕМЕНА СОРАБОТКА ДЕЦА –РОДИТЕЛИ-ТРЕНЕРИ-СПОРТСКИ РАБОТНИЦИ, ЗАЕДНИЧКО ДРУЖЕЊЕ
ПРАВИЛНО КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ
ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ КАКО ТРЕНЕРИ, И ПОДОБРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНАТА БАЗА НА ОПШТИНИТЕ СО ДОНАЦИЈА НА ОПРЕМА ОД СТРАНА НА ОЗФШ.



4. ГФК „ТИКВЕШ 1930" АД ОД КАВАДАРЦИ, ВО МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2023 ГОДИНА ИМА ОДИГРАНО 4 ПРВЕНСТВЕНИ НАТПРЕВАРИ ВО ПРВАТА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА И ТОА ПРОТИВ ЕКИПИТЕ:
01.10.2023ГОД. - 9 КОЛО ВО СКОПЈЕ - РАБОТНИЧКИ - ТИКВЕШ (1:0)
07.10.2023 ГОД. - 10 КОЛО ВО КАВАДАРЦИ - ТИКВЕШ-ШКУПИ (1:1)
22.10.2023 ГОД. - 11 КОЛО ВО КРАТОВО - СИЛЕКС-ТИКВЕШ (1:0)
29.10.2023 ГОД. - 12 КОЛО ВО СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА ЃП - ТИКВЕШ (1:1)

ГФК „ТИКВЕШ 1930" АД ОД КАВАДАРЦИ, ВО МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА ИМА ОДИГРАНО 2 ПРВЕНСТВЕНИ НАТПРЕВАРИ ВО ПРВАТА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА И ТОА ПРОТИВ ЕКИПИТЕ:
04.11.2023 ГОД. - 13 КОЛО ВО КАВАДАРЦИ - ТИКВЕШ-ГОСТИВАР (2:2)
11.11.2023 ГОД. - 14 КОЛО ВО ТЕТОВО - ШКЕНДИЈА-ТИКВЕШ (1:0)
ДО КРАЈ НА МЕСЕЦ НОЕМВРИ ЌЕ СЕ ОДИГРААТ НАТПРЕВАРИТЕ:
26.11.2023 ГОД: - 15 КОЛО ВО КАВАДАРЦИ - ТИКВЕШ - АП БРЕБА
29.11.2023 ГОД. - 16 КОЛО ВО ОХРИД - ВОСКА – ТИКВЕШ

МОМЕНТАЛНО КЛУБОТ ПО ОДИГРАНИ 14 КОЛО ВО ПРВАТА МФЛ ИМА 4 ПОБЕДИ, 4 НЕРЕШЕНИ И 6 ПОРАЗИ НА НАТПРЕВАРИТЕ, СО ОСВОЕНИ 16 БОДА СЕ НАОЃА НА 8 МЕСТО НА ТЕБЕЛАТА.
ВО МЕСЕЦ ОКТОМВРИ, ОДИГРАН Е 1/8 ФИНАЛНИОТ КУП НАТПРЕВАР НА МАКЕДОНИЈА:
25.10.2023 ГОД. 1/8 ФИНАЛЕ ВО БИТОЛА - ПЕЛИСТЕР- ТИКВЕШ (0-1)
ВО МЕСЕЦ НОЕМВРИ ОДИГРАН Е 1/4 ФИНАЛНИОТ КУП НАТПРЕВАР НА МАКЕДОНИЈА:
08.11.2023 ГОД. 1/4 ФИНАЛЕ ВО КАВАДАРЦИ - ТИКВЕШ-АП БРЕРА (1-1) - (6-5) ПЕНАЛИ
ГФК„ТИКВЕШ 1930" СЕ ПЛАСИРА ВО 1/2 ФИНАЛЕТО НА КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА, КОИ НАТПРЕВАРИ ЌЕ СЕ ОДИГРАА НА ПРОЛЕТ, А МОЖНИ ПРОТИВНИЦИ НИ СЕ ЕКИПИТЕ НА ШКУПИ, МАКЕДОНИЈА ЃП И ВОСКА.



5. ГРК ТИКВЕШ 2014 КАВАДАРЦИ.

ГРК ТИКВЕШ 2014 ВО НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2023-2024 ВО СУПЕР МАШКА СЕНИОРСКА ЛИГА, ОД ВКУПНО 11 НАТПРЕВАРИ ОСТВАРИ 10 ПОБЕДИ И Е НА ВТОРА ПОЗИЦИЈА ВО ГРУПА А. НА ГРК ТИКВЕШ МУ ПРЕОСТАНУВА-АТ УШТЕ ВКУПНО 4 НАТПРЕВАРИ ОД КОИ ЕДНИОТ Е КУП НАТПРЕВАР ЗА МАКЕДОНСКА РАКОМЕТНА ЛИГА, СО ШТО ВЕЌЕ МУ Е ОБЕЗБЕДЕН ПЛЕЈ ОФ ТАКА ШТО ПРВИТЕ ЧЕТИРИ НАЈДОБРИ ЕКИПИ ОД ГРУПА А И ПРВИТЕ ЧЕТИРИ НАЈДОБРИ ЕКИПИ ОД ГРУПА Б ЌЕ СЕ НАТПРЕВАРУВААТ ПОВТОРНО ЗА НАЈДОБАР ПЛАСМАН ВО СЕЗОНА 2024-2025 ГОДИНА.
ГРК ТИКВЕШ УЧЕСТВУВАШЕ ВО ЕВРОПСКИ ЧЕЛИНЏ КУП, КАДЕ ШТО СЕ НАТПРЕВАРУВАШЕ СО ТИМ ОД АВСТРИЈА –КРЕМС, НАТПРЕВАРОТ ШТО СЕ ИЗИГРА ВО КАВАДАРЦИ БЕШЕ ВО ПОЛЗА НА ГРК ТИКВЕШ, ДОДЕКА НА РЕВАШН НАТПРЕВАРОТ ГРК ТИКВЕШ ИЗГУБИ СО ПОГОЛЕМА РАЗЛИКА.



1. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ РАБОТНА ВЕЧЕРА СО УЧЕСНИЦИТЕ ОД ШКОЛАТА ЗА ПОЛИТИКИ ЗА 2023 ГОДИНА, ОРГАНИЗИРАНА ОД ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ.





2. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТНА СРЕДБА СО АМБАСАДОРКАТА НА РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, Г-ЃА СОФИЈА ФИЛИПИДУ. НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА АКТУЕЛНАТА ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА, ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА НОВИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН МАЈДЕН-ПРОМАХОЈ, ЗА КОИ ШТО ДВЕТЕ СТРАНИ СЕ ЗАЛОЖИЈА ДА ГИ ЗГОЛЕМАТ НАПОРИТЕ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПОГРАНИЧЕН ПРЕМИН. МЕЃУДРУГОТО, СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА ПРЕТСТОЈНАТА ИПА ПРОГРАМА ЗА ПОГРАНИЧНА СОРАБОТКА И МОЖНИ ПАРТНЕРСТВА ЗА СОРАБОТКА.

3. СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОДРЖА ВОНРЕДНА СЕДНИЦА. ЕДНОГЛАСНО СОВЕТОТ ДАДЕ ПОДДРШКА НА СТАТУТОТ НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ КАВАДАРЦИ. ВО МОМЕНТОВ ТАМУ СЕ СМЕСТЕНИ ОКОЛУ 60 УЧЕНИЦИ, А ИНТЕРЕСОТ Е МНОГУ ПОГОЛЕМ. СЕГА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ПРЕЗЕМА УПРАВУВАЊЕТО СО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ НАЈАВИ МНОГУ ПО ОДГОВОРНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ИСТИОТ.





4. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЗОРАН МАЏОВСКИ И ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА. НА СОСТАНОКОТ СЕ ДИСКУТИРАШЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ВО СТАНБЕНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ, СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ. ИАКО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВЛОЖУВА ВО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ СЕУШТЕ ИМА ПРОСТОР ЗА СОРАБОТКА СО КОМИСИЈАТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ВО ИСТИТЕ.

5. НА ДЕН 19.10.2023 ГОДИНА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА РЦ ЗА ГР ЈУГ СЕ ОДРЖА РАБОТЕН СОСТАНОК НА КОИ ПРИСУСТВУВАА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Г-ДИН ДРИТОН НЕБИУ, НАЧАЛНИК НА РЦ ЗА ГР ЈУГ Д-Р СЛАВЧО БОГЕВ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ, ДИРЕКТОР НА ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ Д-Р ДИМЕ КОЦЕВ, ПРЕСТАВНИК ОД МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.Е. ДЕМИР КАПИЈА Г-ЃА СУЗАНА ФИЛИПОВА, ПРЕСТАВНИК ОД ШУМСКА ПОЛИЦИЈА КАВАДАРЦИ Г-ДИН ГОЦЕ ЕВРЕМОВСКИ, ПРЕСТАВНИК ОД ДЗС Г-ДИН САШКО ПЕТРОВ, ПРЕСТАВНИК ОД ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ Г-ДИН ТАСКО АТАНАСОВ, ПРЕСТАВНИК ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ Г-ЃА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА И ПРЕТСТАВНИК ОД ТППЕ Г-ДИН ДРАГАН ДРВАРОВ.

НА СОСТАНОКОТ СЕ ДИСКУТИРАШЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВОЗИЛА КОИ СЕ ОДЗЕМЕНИ ВО КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ ОД СТРАНА НА РЦ ЗА ГР ЈУГ, ИСТО ТАКА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ДРИТОН НЕБИУ ДАДЕ ЗБОР ДЕКА ЌЕ ИЗЛЕЗЕ ВО ПРЕСРЕТ НА БАРАЊАТА, СЕКАКО ВО СКЛОП НА ЗАКОНСКИТЕ РЕГУЛАТИВИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ВОЗНИОТ ПАРК.



6. БЕА ОТВОРЕНИ НОВИТЕ ПРОСТОРИИ НА ОО НА ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ. НОВИОТ ОБЈЕКТ Е ИЗГРАДЕН НА ИСТАТА ЛОКАЦИЈА КАДЕ БЕА И СТАРИТЕ ПРОСТОРИИ, НО ЦЕЛОСНО ИЗГОРЕА ВО ПОЖАР.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОО, ДИМИТАР КАРАКУЛЕВ УПАТИ ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ОПШТИНАТА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, БИЗНИС СЕКТОРОТ И ОСТАНАТИТЕ ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦРВЕН КРСТ КОИ НЕСЕБИЧНО ЈА ПОМОГНАА ИЗГРАДБАТА НА НОВИТЕ ПРОСТОРИИ.

НА ОТВОРАЊЕТО ПРИСУСТВУВАА И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И СЕКРЕТАРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГОЛЕМ БРОЈ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА КАВАДАРЦИ И ВОЛОНТЕРИ НА ЦРВЕН КРСТ.



7. ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ОТКРИВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ", ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА ОКОЛУ 40 УЧЕНИЦИ ОД ПАРТНЕР ОРГАНИЗАЦИИ НА ЕРАЗМУС ПЛУС ПРОГРАМАТА ОД ФИНСКА, ИТАЛИЈА, ОСТРОВОТ АЗОРС И РИЈУНИОН ОСТРОВ КОЈ ПРЕТСТАВУВА ФРАНЦУСКА ТЕРИТОРИЈА ВО ИНДИСКИ ОКЕАН. ПРОЕКТОТ Е КООРДИНИРАН ОД ФИНСКАТА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ИМА ЦЕЛ ДА ГИ ОБЕДИНИ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ НИЗ ЕВРОПА ДА НАУЧАТ И ИСТРАЖУВААТ ЗА РАЗЛИЧНОСТИТЕ И КУЛТУРАТА НА РАЗНИ НАЦИИ.
УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ ПРЕСТОЈУВААТ ДО САБОТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СМЕСТЕНИ ВО СЕМЕЈСТВА, А НИЕ КАКО ДОБРИ ДОМАЌИНИ ЌЕ СЕ ПОГРИЖИМЕ ИСТИТЕ ДА ЈА ПОЧУВСТВУВААТ МАКЕДОНСКАТА ТРАДИЦИЈА, КУЈНА И КУЛТУРА.



8. ВО ОДНОС НА ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТИТЕ ЗА 2024 НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДРЖА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД КАВАДАРЦИ, НА КОЈА СЕ ДИСКУТИРАШЕ ДОСЕГАШНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО И МОЖНОСТА ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНА СОРАБОТКА ВО 2024 ГОДИНА. НА САМИОТ КРАЈ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПОБАРАА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 1 МИЛИОН ДЕНАРИ.



9. ПРОТОКОЛАРНА СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



10. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ, КОЈ ВО СОРАБОТКА СО CARE INTERNATIONAL BALKANS ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ „ГРАДЕЊЕ НА ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ" СО ПОДДРШКА НА АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА ВО СКОПЈЕ.
ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ПОЗИТИВНО ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО КАЈ МЛАДИТЕ СО ЦЕЛ ГРАДЕЊЕ ТОЛЕРАНТНИ ОПШТЕСТВА И ПРЕВЕНЦИЈА НА ВРСНИЧКОТО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО., А ЌЕ ПРИДОНЕСЕ КОН ПОГОЛЕМО РАЗБИРАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА НАСИЛСТВОТО КАКО НАУЧЕНО МАЖЕСТВЕНО ОДНЕСУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ПРОСТОРИ, КАЈ МОМЧИЊАТА, МЛАДИНСКИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И РЕЛЕВАНТНИТЕ ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ, КАКО И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО ПОЛИТИКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО ПРЕКИ РЕГИОНАЛНАТА РАЗМЕНА НА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ МЕЃУ СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО УЧИЛИШТАТА И МЛАДИТЕ ВО РЕГИОНОТ.

11. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, КАЈА ШУКОВА.





12. ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, СЕ ОДРЖА ТРИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН. МЕЃУДРУГОТО, ТОЧКА НА ДНЕВЕН РЕД БЕШЕ И ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН. ЕДНОГЛАСНО ЗА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ БЕШЕ ИЗБРАН ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО, БОШКО ЦВЕТКОВСКИ.

13. ВО МЕСЕЦ ОКТОМВРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ОРГАНИЗИРАШЕ ЈАВНА РАСПРАВА И ПОСЕТА НА СИТЕ УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2024 ГОДИНА.
НА СРЕДБИТЕ ПРИСУСТВУВАА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ Д- Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, МОЈ ОПШТИНАР, ЈП КОМУНАЛЕЦ ЈП ПАРКИНГ, ЈП ПРЕВОЗ И ПРЕТСТАВНИК ОД ПСОН КАВАДАРЦИ, СО ЦЕЛ ДА СЕ СОГЛЕДААТ СЕКОЈДНЕВНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ЗАЕДНИЧКОТО ЖИВЕЕЊЕ, ДА РАСПРАВААТ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА НИВНО РЕШАВАЊЕ И ЗАЕДНИЧКИ ДА ГИ КРЕИРААТ ИДНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА.



14. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА , ГО ПОТПИШАА ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ЦЕЛ ЗАЕДНИЧКО УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА ИЗГРАДБА НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ЗА ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!



ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**